ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# КАЗНЕНА ПОПРАВНА УСТАНОВА ЗАТВОР СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
# СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)

01 2021 05 09/2

Скопје, јуни 2022

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис<br>Страна | |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 5 |
| Финансиски извештаи за 2020 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 6 |
| Биланс на состојба | 7 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 8 |
| - Сметководствени политики | 8 - 9 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 9 - 11 |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 28-392/9

Дата: 17.06.2022

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Казнена Поправна Установа - Затвор Скопје (во понатамошниот текст Установата) на сметката буџет на самофинансирачки активности 787 за 2020 година.

Изразивме мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени за 2020 година.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Установата на сметката на буџет на самофинансирачки активности 787 за 2012 година и изразено позитивно мислење за реалноста и објективноста на финансискиот извештај биланс на состојба а негативно мислење за реалноста и објективноста на финансискиот извештај – биланс на приходи а во врска со усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики дадено е мислење со резерва.

Од причина што од извршената ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на тековната ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност, не се констатирани состојби кои ќе влијаат врз мислењето на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на Установата на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2020 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2021 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година, извршена е ревизија на финансиските извештаи на Установата на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност и изразено позитивно мислење за реалноста и објективноста на финансискиот извештај биланс на состојба а негативно мислење за реалноста и објективноста на финансискиот извештај – биланс на приходи а во врска со усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики дадено е мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Установата застапувано од:

- Есад Рахиќ, в.д директор од 11.06.2019 до 14.12.2020 година
- Филип Андов, в.д. директор 15.12.2020 а од 25.05.2021 година директор.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи

од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските

извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.12.2021 до 10.03.2022 година, кај Установата, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

3.1. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Установата на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2012 година и е изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики. Од причина што од извршената ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на тековната ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Установата, одржан на ден 07.04.2022 година.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност, не се констатирани состојби кои ќе влијаат врз мислењето на овластениот државен ревизор.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Установата на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

## Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.